















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИТЕ ПОКРИВИ

Општина Карпош планира од сопствениот буџет да издвои десет милиони денари за замена на азбестните покриви на станбени и на индивидуални објекти. За таа цел е предвидено покривање на 150 индивидуални објекти и 15 колективни станбени згради, чии покриви се или крајно оштетени или штетни за здравјето на граѓаните, односно на станарите. Аплицирањето за замена на покривите ќе се врши врз основа на конкурс кој дополнително ќе биде објавен во јавноста и на кој сопствениците и станарите, односно заедниците на станари, ќе конкурираат. Како предуслов за ова е тие да имаат склучено договор со изведувачот, односно со фирмата што ќе ја врши замената, што е нивно учество во овој партнерски проект. Општината, пак, од своја страна, се обврзува да обезбеди ламарина за покривање на покривот, завртки и дрвени греди за покривната конструкција. Кај колективните станбени објекти ќе се покриваат само косите покриви, кои имаат азбестно-цементна покривка и истата ќе се замени со ребрест салонит, односно со пластифициран поцинкуван лим.










SARA

# ЗАМЕНА НА ЛИФТОВИ ВО 15 ВИСОКОКАТНИЦИ

Општина Карпош, во рамки на својата Програма за работа за 2014 година, планира замена на оштетени лифтови во 15 висококатници. Според проекциите на стручните служби, ќе се менуваат лифтовите во станбени објекти кои се со висина од повеќе од десет ката. Ова го вети градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, уште при локалните избори, а за таа цел, експертите од администрацијата направија обиколка на сите десеткатници и на помалите згради во кои е констатирано дека лифтовите се во лоша состојба. Притоа, како што е утврдено, во согласност со буџетските можности, се планира нивна сукцесивна замена.













# ЖИВОТОТ НА ОВАА ПЛАНЕТА МНОГУ ВРЕДИ, ЗАТОА Е ДОБРО ДА СЕ ШТЕДИ

По повод Светскиот ден на акција на тема ,,ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА“ во основното училиште Јан Амос Коменски се реализираа повеќе еколошки активности. Како ЕКО училиште кое е добитник на зелено знаме се изработија еко-стрипови, презентации, ликовни и литературни творби, како и видео анимација.

На завршната активност ,,Животот на оваа планета многу вреди, затоа е добро да се штеди, присуствуваа ученици, наставници, родители и соработници од бизнис секторот. Како придобивка од добиениот статус во училиштето ќе бидат променети сите постоечки чешми со штедливи.









